РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-3731/5

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

10-09-2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 51-та седница, одржана на ден 30 август 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 –3731/1 од 29.10.2020 година СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека нема основ за натамошно постапување во предметот со број 09 –3731/1 од 29.10.2020 година.

Предметот со број 09 –3731/1 од 29.10.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09–3731/1 од 29.10.2020 година е оформен врз основа на пријава од ----------, ---------, поднесена против Претседателот и членовите на Државната комисија --------------. Во пријавата е наведено дека во постапка по изјавена жалба против решението на првостепениот орган (---------------), Претседателот и членовите на Државната комисија ------------------, по службена должност не внимавале и не утврдиле дека се исполнети условите за нивно изземање од постапување по предметот, согласно член 25, 26, и 27 од Законот за општа управна постапка, со цел непристрасно донесување на законит управен акт по жалбата. Државната комисија како колегијален орган, при одлучувањето по службена должност не внимавала дека истовремено се јавува како субјект на инспекциски надзор, жалител во постапката по жалба, но и како второстепен орган кој требало да одлучува по жалбата изјавена од негова страна.

Согласно член 26 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради разјаснување на определени прашања во врска со донесување одлука од својата надлежност, ДКСК оствари состанок со -----------, Претседател на Државната комисија за -----------.

Од остварениот разговор се констатира дека Државниот управен инспекторат, преку Државно правобранителство поднел тужба до Управен суд, со која бара да се поништи Решението на тужениот орган ИП2 бр. 12-20 од 26.08.2020 година, со кое Жалбата на -----------, Претседател на Државната комисија ----------------- против решението на Вишиот инспектор ИП1 ----------- од 23.07.2020 година се уважува. Управниот суд на ден 03.06.2021

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

година донел Решение со кое Тужбата на Државниот Управен инспектор е отфрлена како недозволена. Во прилог е доставена копија од Решението на Управен суд.

Од увид во Записникот од 89 седница на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, доставен на барање на ДКСК, а на која се одлучувало по наведената жалба, Претседателката на комисијата се изземала од одлучување по предметот ИП 2 12-20 и со седницата (само по овој предмет) претседавал Заменик претседателот на комисијата.

При постапувањето по овој предмет, ДКСК ги имаше предвид наводите на подносителот на пријавата, сознанијата до кои дојде од извршениот разговор, доставените документи, како и одредбите кои го регулираат постапувањето на Државната комисија за --------------- по жалба против решение на управен инспектор.

Во член 18 став 1 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21) е предвидено дека против решението на управниот инспектор може да се поднесе жалба до Државната комисија --------------- во рок од петнаесет дена од денот на доставувањето на решението.

Законот не предвидува што во ситуација кога Државната комисија како второстепен орган ќе се јави како субјект на надзор и евентуално жалител (како во конкретниот случај), односно не е предвидено до кој орган второстепениот орган како субјект на надзор може да изјави конкретно правно средство со кое ќе се побива првостепениот управен акт.

За превенирање на вакви состојби во иднина, ДКСК да достави Известување до Министерството за информатичко општество и администрација, како ресорно министерство, со кое информира за гореопишаната состојба и да побара да се предложи соодветна измена на законската регулатива за надминување на истата.

Државната комисија за спречување на корупцијата констатираше дека со изземањето на претседателката на комисијата од одлучувањето по конкретната жалба, Комисијата како колегијален орган постапила согласно законските одредби, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК